**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-435/10**

**Скопје, 10.08.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за локални патишта на општина Валандово за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 5 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите , член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фондот за локални патишта на општина Валандово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Ристо Тошев, Директор на Фондот за локални патишта на општина Валандово од 01.01.2005 година до 30.06.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 26.05. 2006 до 26.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на

годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.
10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Фонд за локални патишта на општина Валандово престанал да функционира заклучно со 30.06.2005 година согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Согласно Законот за сметководство поточно член 29, општината била должна за периодот од 01.01.2005 до 30.06.2005 година, да состави годишна сметка и истата во рок од 60 дена да ја достави до надлежните институции, што не е направено од страна на општината. Непочитување на Законот за сметководство го оневозможува навременото систематизирање и утврдување на податоците кои се пренесуваат во буџетот на општината, увид во билансните позиции и финансиските извештаи и доставување на истите до надлежните институции во Република Македонија,

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.1. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Фондот за локални патишта на општина Валандово на 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Фондот за локални патишта на општина Валандово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 07.08. 2006 година** **Овластен државен ревизор**

**ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 8 | 18 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 201 | 4,738 |
| **Вкупно приходи** | | **209** | **4,756** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 171 | 432 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 34 | 172 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **205** | **604** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4.1. | 4 | 4,007 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **4** | **4,007** |
| **Вкупно расходи** | | **209** | **4,611** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **145** |

**ФОНД ЗА ЛОКЛАНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 0 | 145 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 1 | 1 |
| Залихи | 4.1.3. | 1 | 1 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2** | **147** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 3 | 4 |
| **Вкупно постојани средства** | | **3** | **4** |
| **Вкупна актива** | | **5** | **151** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.1. | 2 | 147 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2** | **147** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 3 | 4 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **3** | **4** |
| **Вкупна пасива** | | **5** | **151** |

**ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **4** | **4** |
| **Зголемување по основ на:** | | |
| Набавки | | |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | |
| Пренос од средства во подготовка | | |
| Ревалоризација на капитални средства | | |
| Расходување | | |
| **Намалување по основ на:** | **(1)** | **(1)** |
| Отпис на капитални средства | | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | |
| Амортизација | (1) | **(1)** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **3** | **3** |